

Бесплатен Примерок

Винеал

ОПШТИНСКИ ИНФОРМАТОР НА ОПШТИНА ВИНИЦА

Октомври - 2023

Асфалтиран локалниот пат Блатец – Детлово





Асфалтиран и реконструиран локалниот пат Блатец- Детлово во вкупно 3028 метри патна површина. Од страна на Општина Виница е изработена комплетната техничка документација за реконструкција и асфалтирање на уште 2500 метри патна површина во истиот правец.
Реконструкцијата на локалниот пат е проект кој е поддржан од Министерството за транспорт и врски, со цел подобрување на патната инфраструктура и со финансиска поддршка од Светска банка.

Асфалтирање на две улици во село Градец



Компетно реконструирани и асфалтирани две улици во с.Градец во должина од 500 метри. Од општината и од градоначалникот Миле Петков најавени се уште инвестиции во подобрување на патната и сообраќајна инфраструктура за во наредниот период, асфалтирање на улици во населените места Јкимово, Лески, Липец, Пекљани и Трсино, и реконструкција на центарот во с.Истибања.



Реновиран училишниот двор во ООУ „Славчо Стојменски“

Пред почетокот на новата учебна година се нанесуваше нов асфалт на површина од 680м2 во училишниот двор на ОУ„ Славчо Стојменски“-Виница.
Покрај нанесувањето на нов асфалт во ова училиште интензивно се работеше на реализирање на инфраструктурните проекти за подобрување на условите во училиштето:
-Поплочување со бекатон плочки на површина од 230 м2, засеана нова тревна површина од 800 м2, поставен е нов дигитален систем за наводнување на површина од 800 м2, засадени се 50 нискостеблести дрва и 30 декоративни растенија и поставени нови клупи за седење и корпи за отпадоци.





Обновена хоризонталната сообраќајна сигнализација

Во изминатиов период е обновена хоризонталната сообраќајна сигнализација и поставени нови лежачки полицајци на неколку локации во градот.
. Со обновување на постоечката хоризонтална сигнализација, очекуваме почитување на истата и внимателно одвивање на сообраќајот во нашата општина.
Собраќајниот режим и сообраќајната дисциплина се значаен фактор за модерна и урбано развиена општина






Одржани две јавни презентации за Урбанистички план

На ден 17.07.2023 година (понеделник) во 12:00 часот, на покана на градоначалникот на Општина Виница Миле Петков во зградата на Општина Виница (сала за совет) се одржа јавна презентација за изработка на Урбанистички план за село Лески, КО Лески, Општина Виница.Субјектите беа известени за одржувањето на јавната анкета и јавна презентација преку информацискиот систем е- урбанизам, web-страната на општината и печатени плакати во и околу опфатот за кое е приложено доказ.
На ден 28.07.2023 година се одржана јавна презентација и за Детален урбанистички план за Блок 8 дел 1 и 2, КО Виница, Општина Виница.




Ќе се гради современ кошаркарски терен и теретана на отворено



Старото тениско игралиште ќе биде реконструирано во нов современ кошаркарски терен и теретана на отворено.
Градоначалникот на Општина Виница г-ин Миле Петков потпиша Меморандум за соработка со Фондацијата за развој на локалната заедница- Штип.
-Благодарение на извонредната иницијатива, водена од здружените сили на младите, ќе создадеме простор за спорт и фитнес активности, кои ќе служат како центар за социјална интеракција, пријателски натпревари и негување ба тимската работа и спортскиот дух- истакна градоначалникот.

Реконструкција на дел од водоводната мрежа

Потпишан е договор со Министерството за транспорт и врски, за реалозација на проектот: Реконструкција на дел од водоводната мрежа во Општина Виница.
Реконструкцијата на водоводната мрежа односно замена на азбест-цементни со полиетилентски цевки со висок квалитет ќе се реализира во Ромската населба во градот Виница, на дел од ул. „Иво Лола Рибар“ до спојот со ул. „Маршал Тито“ со вкупна должина од 270 метри со работен пресек Ф-225 мм.
Едновремено ќе се изврши и преспојување на постоечките(реконструирани) водоводни линии со ново реконструираната.
Оваа водоводна линија е дел од потисниот цевковод од бунарите со пумпна станица до постоечки стар резервоар(Ромски рид).

Еднократна парична помош за сите првачиња во Општина Виница

Со ребалансот на Буџетот на Општина Виница, изгласан на седницата на Советот на Општина Виница во месец Јуни, се обезбедени средства, односно еднократна парична помош од по 3000 денари за секое семејство што има запишано прваче.

Врз основа на анализата направена за досегашното успешно работење и извршување на тековниот буџет се јави потреба од зголемување за 4 милјони денари, со што ќе бидат зголемени расходите во повеќе програми и подпрограми од значење за граѓаните на Општина Виница.



Поддршка во делот на образованието

За прв пат оваа година од Буџетот на Општина Виница се одвоени средства за поддршка на младите и учениците кои со своите постигнати резултати и успеси се промовираат во рамки на спортот и образованието во нашата татковина и надвор од неа, а со тоа ја афирмираат и нашата општина. Со цел да се мотивираат младите да се изградат во зрели, едуцирани и цврсти кадри кои ќе ја понесат иднината во свои раце, вредносни ваучери и благодарници беа доделени на ученици кои имаат постигнато значителни резултати на државни натпревари, спортисти од клубот „Лидер“ кои имаат освоено награди на натпревари надвор од земјава и на првите 5 најдобри ученици од грнерацијата 2019/2023 година од СОУ„Ванчо Прке“- Виница.

Ваквото стимулирање на учениците во практика до сега не постоеше, но по добри примери се надеваме дека ќе прерасне во традиција, ќе биде добар стимул и мотив плус за младите.





Општествено корисна работа



Општина Виница во соработка со UNDP МК, Центар за социјална работа и Агенцијата за вработување, и оваа година ангажира невработени лица во рамки на Програмата „Општествено корисна работа“. Оваа година се ангажирани 5 лица кои ќе пружат нега на стари, болни и изнемоштени лица во домовите. Работењето на овие 5 лица ќе се одвива со скратено работно време, односно 20 часа седмично,9 месеци.

„Туторство за децата од 2ро до 4то одделение“


Со цел зголемување на квалитетот на образованието за децата кај кои беше намален како последица на пандемијата КОВИД 19, Општина Виница продолжи со имлементација на активноста „Туторство за децата Роми од 2ро до 4то одделение во основното образование“.Во таа насока за новата учебна година 2023/2024 Општината обезбеди училишен материјал, прибор и ранци за учениците Роми од ОУ Славчо Стојменски и ОУ



Проект „Активација на ранливите групи на пазарот на трудот“

Претставници на РОМАКТЕД програмата во изминатиов период одржаа два состаноци со лица од Ромската заедница. На состаноците присуствуваа претставници од Агенцијата за вработување, Локалната самоуправа и од бизнис секторот од Општина Виница.
Целта на состаноците е презентирање на мерки и можности за вклучување на лицата од Ромската заедница на пазарот на трудот.





„Теракотните икони од Виница“ на „Terre da Film“ Канели, Италија

Од 7ми до 9ти јули Теракотните икони од Виничото Кале беа изложени во "Salone delle Stelle", Канели, Италија. Во овие три дена во Канели се одржуваше и познатиот фестивал на краткометражни документарни филмови "Terre da Film". Музеј „Теракота“ – Виница се претстави со два документарни филмови на фестивалот. Овој фестивал се одржува секое лето, на кој се собираата уметници, режисери, поети, туристи и локално население, кои неколку денови живеат во градот за да создадат единствена привремена заедница.

Претставувањето на овој фестивал и изложбата на 12 теракотни икони од ранохристијанскиот период, на Музеј Теракота беше овозможено благодарение на иницијативата на Македонското здружение “Камен мост“, на покана на организаторот на фестивалот Алберто Даниели.

Името Музеј „Теракота“-Виница со својот богат и значаен репертоар со 12 теракотни икони од ранохристијанскиот период уште еднаш ја потврди својата активност околу презентација и афирмација на нашето Национално културно богатство пред поширокаата публика.

Нашето Виничко присуство во латинскиот свет на Канели покажа убавина дека светот е наш заеднички дом.









МУЗЕЈ “ТЕРАКОТА“ ВИНИЦА

Одбележување на Павловден

По повод празникот Собор на 12-те Апостоли – Павловден, кој што е и патрон и закрилник на градот Виница, и оваа година Општина Виница се погрижи на достоен начин да го одбележи празникот со богата програма.

По празничната богослужба во црквата,св. Архангел Михаил со која чиноначелствуваше Неговото високопреосвештенство митрополит Брегалнички Господин Иларион, беше организирана литија до параклисот „Св.Апостол Павле“ и осветување на славскиот колач.

Советот на Општина Виница одржа свечена седница на која се доделени награди, благодарници и плакети на најдобрите ученици, истакнати граѓани, спортисти, пожарникари, медицински лица.

Во попладневните часови пред платото на Домот на културата „Тошо Арсов“ се одржаа музичи настапи и ликовна колонија .

Павловденската програма заврши со проект подготвен од Дом на култура „Тошо Арсов“- „Од срцето на Виница“. Проектот се состоеше од изложба на фотографии и проекција на видеа, поврзани со старогрдските песни, испеани од групите „Јана“ и „Распеани Виничани“, како и презентација на нивниот историјат.
















Светски ден на крводарителството



Општинската организација на Црвен крст во Виница го одбележа Светскиот ден на крводарителството со пригодна свеченост на која се доделија награди и благодарници на крводарители со над 100 единици дарувана крв. За крводарител на годината со над 150 единици дарувана крв е прогласен г-н Цанко Анастасов.
Градоначалникот на Општина Виница Миле Петков ги поздрави сите крводарители и им честита за нивната хуманост при што на свеченоста им подели поклони во име на благодарност што на ваков начин ја изразуваат нивната хуманост.

Претседателот на ВМРО-ДПМНЕ проф.д-р Христијан Мицкоски во посета на село Градец

Како дел од програмата „Ова е Македонија за сите“, претседателот на ВМРО - ДПМНЕ проф.д-р Христијан Мицкоски беше во посета на с.Градец, каде оствари средби со месното население. Во изјавата која ја даде претседателот за медиумите, изјави дека се надева на подршката и дека се предвидуваат повеќе средства за општините, а само за општина Виница со формирањето на нова влада , ќе се инвестира до 8 милиони евра за капитални и инфраструктурни проекти





ЈОУ Библиотека "Ванчо Прке"-Виница на промоција на иновативни и нови библиотечни програми



ЈОУ Библиотека "Ванчо Прке"-Виница активно зеде учество во промоцијата на хортикултурни библиотеки на настан кој се одржа во Националната установа -Универзитетска библиотека „Св.Климент Охридски“-Битола. Овој настан е организиран со цел да ги поттикне библиотеките во Македонија да станат дел од промоцијата на иновативни и нови библиотечни програми. Во рамките на настанот свое предавање одржа долгогодишниот библиотекар, основач на мрежата и промоторот на хортикултурните библиотеки, Мирко С. Марковиќ, од кој се презентирани практични решенија и програми за анимација на сите возрасти и искуства од повеќе држави во светот.

Општина Виница ги подобрува своите капацитети



На 20.09.2023г, во салата за состаноци во општинската зграда беше презентирана Процедурата за раздвојување на должности во процесот на создавање обврски и извршување на расходите од Буџетот на Општина Виница од претставник на Проектот на УСАИД за Зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите. Ова е важно за да се осигура дека секој денар од буџетот се користи со внимание и одговорност.

Во рамки на соработката со Проектот, беше формиран тим кој подготви Извештај за самооценување на успешноста во управувањето со јавните финансии во општината. Врз основа на Извештајот се детектирани предности и недостатоци во процесот на управување со јавни финансии, за кои е подготвен Акциски план за спроведување на мерки за подобрување.

Процедурата и Извештајот се подготвени во тесна соработка со тимот на Проектот на УСАИД за Зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите.

Советот на Општина Виница во изминатиов период одржа три редовни и една свечена седница



Свечената седница се одржа по повод одбележување на патронот на градот и празникота Собор на 12-те Апостоли – Павловден, на која се доделија благодарници, признанија и плакети на најдобри ученици и граѓани кои се имаат истакнато со нивната работа во одредена област.

На седницата Советот ги гласаше годишните извештаи и програми за работа на сите општински основни училишта и детската градинка и годишниот план за вработување во средното општинско училиште. Се одлучуваше за оперализацијата на претходно донесената одлука за доделување на еднократна помош на семејствата со запишано прваче во учебната 2023/2024 година, односно да се поедностави постапката за доставување на документацијата.

Изгласана е и предлог- одлуката за усвојување на веќе изготвениот План за Локален економски развој на Општина Виница за период од 2023-2026г.

Според кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Виница кој беше презентиран, може да се забележи дека, вкупните приходи на Буџетот на Општина Виница на крајот на овој квартал се 53,10% од вкупно планираните 346.635.000 денари. Вкупните расходи на Буџетот се остварени 47,75% во однос на планираните. Тековно оперативните расходи на вкупниот буџет се остварени 47,85 % во однос на планираните тековно оперативни расходи или 43,13% од вкупно планираните расходи во буџетот. Капиталните расходи се остварени 46,80% во однос на планираните капитални расходи или 4,61% од вкупно планираните расходи во буџетот. Со мнозинство гласови ЗА, точката за кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Виница за извештајниот период за квартал од 01.01.2023г до 30.06.2023г ,беше изгласана.

Со четиридневна програма и на достоен начин одбележано 79 години од ослободувањето на Виница од фашистичкиот окупатор

И оваа година Општина Виница подготви четиридневна програма по повод 79- години од ослободувањето на Виница.

На 26-ти (сабота) август се одржа четвртото издание на Chupino Trail. Chupino Trail е меѓународен спортски настан во планинско трчање. На овие трки се натпреварувваа над 150 натпреварувачи од повеќе градови од земјава, Кочани, Штип, Гевгелија, Прилеп, Скопје ,Кавадарци, Кочани, Велес, Богданци, но и од Р. Србија. И оваа година имаше три трки, од 16км, 32км и 60км, односно до врвовите Чупино, Бел камен и Лисец, со стартна и целна позиција од градскиот парк.

По прогласувањето на победниците на трките продолжи најинтересниот дел за децата, односно „Трчаме со Rocky“, спонзорирано од МАКПРОГРЕС-Виница,каде учествуваа околу 120 деца поделени во три групи.





На 28 август според програмата, делегација предводена од градоначалникот на општината Миле Петков, членови на Советот, претставници од локални институции и здрженија на геаѓани со едноминутно молчење и положување на свежо цвеќе пред Споменикот на паднатите борци во с.Блатец оддадоа почит на сите загинати борци во НОВ.









Со четиридневна програма и на достоен начин одбележано 79 години од ослободувањето на Виница од фашистичкиот окупатор

На 29 август во Св.Јоаким Осоговски во с.Јакимово се одржа Света архиерејска литургија и празнувањето на преподобен Јоаким Осоговски како и слава на Храмота. Потоа во атарот на дворот на храмот настапи групата Актив бенд, и овој настан се одржа под покровителство на Општина Виница.





Централниот настан 30 августа започна со положување на свежо цвеќе, едноминутно молчење и оддавање почит на загинатаите борци во НОВ, пред спомен бистата на народниот херој Кирил Михајловски – Груца, од делегација предводена од градоначалникот Општина Виница Миле Петков, Советот на Општина Виница и борци од НОАВМ од Виница.







Попладне во Градската библиотека се одржа промоција на книга „Љубов и страст“ од поетесата Тања Гоцева.

Вечерта се одржа голем музички хепенинг на плоштадот „Ангел Винички“, на кој настапија:

- DJ VANS & MOZZARTINO VOCAL STARS (музика за деца) и аниматор за деца
- ITALIANISSIMO
- HOTLINE BAND
- DNK
- DJ AVENSIS & DJ FEVER



38- миот Меѓународен фолклорен фестивал „Истибањско здравоживо“













38- от Меѓународен фолклорен фестивал „Истибањско Здравоживо“ оваа година се орџа од 08 септември до 14 септември 2023 година. На овој фестивал учествуваа 8 ансамбли од светот и 12 фолклорни ансамбли од Македонија со над 600 – тина фолклористи.

Отворањето на фестивалот започна со традиционалното „Големо Оро“ на 09 септември во с.Истибања. Фолклористите настапија и во Општина Зрновци, додека на 13 септември на плоштадот „Ангел Винички“ се одржа гала концертот на фолклористите и затворање на фестивалот исто со големото оро на танци. Како и секоја година така и оваа генерален покровител на фестивалот беше градоначалникот на Општина Виница Миле Петков и Општина Виница.

6- та иселеничка средба во с.Драгобраште

На 6 ти август во атарот на Манастирот Св.Спас во село Драгобраште се одржа шестата иселеничка средба.

Организатори на оваа манифестација се членовите на Македонското здружение “Камен мост” од Италија, и под покровителство на Општина Виница.

Манифестацијата започна со осветување на водата и славскиот колач од страна на свештениците, продолжи со поздрав од претседателката на Македонското здружение “Камен мост” Илона Захариева, која им посака на присутните добредојде на родното огниште и им порача каде и да се тие се Македонци и секогаш да го носат македонскиот идентитет со себе.

Свое обраќање и поздравување имаше и градоначалникот на Општина Виница Миле Петков: “Иселеништвото остава трага во развојот на општината и државата, но горди сме што Македонската дијаспора од секогаш била гласот кој во светот ја шири вистината за Македонија и се грижи за својот идентитет, фолклор, традиција,религија. Општина Виница и во иднина ќе ги пддржува и ќе биде покровител на вакви и слични манифестации кои имаат заеднички интерес за доброто на сите граѓани и иселеници”.

На овој настан Д-р Бранислав Светозаревиќ ја промовираше својата неодамна издадена книга “МАКЕДОНЦИ - милениумски сведоштва за идентитетско име”.


















УСТАНОВА ЗА ДЕЦА
ГРАДИНКА
ЕЛЧЕВ"
ИНО
ДРЖИ


Искам
да кам
мир